**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“




**Штип, 2016**

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

**Уредници:**

Проф. д-р Никола В. Димитров

Доц. д-р Дејан Методијески

**Организациски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Доц. д-р Дејан Методијески
Асистент докторанд м-р Душица Санева
Асистент докторанд м-р Оливер Филипоски
Асистент докторанд м-р Кристина Ковачевиќ
Асистент докторанд м-р Наташа Колевска Асистент докторанд м-р Душко Јошески

**Програмски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Проф. д-р Нако Ташков
Проф. д-р Златко Јаковлев
Проф. д-р Цане Котески
Проф. д-р Мичо Апостолов
Доц. д-р Дејан Методијески
Доц. д-р Марија Магдинчева Шопова Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова **Печати:**

Печатница „2ри Август" - Штип

**Тираж:**

100 примероци

**Дизајн на корица:**

Доц. д-р Дејан Методијески
Проф. д-р Никола В. Димитров
**Фотографии за корица:**

М-р Васко Златковски

**Техничко уредување:**

Доц. д-р Дејан Методијески

**Лектор:**

Вангелија Цавкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
616.314-08(075.8)
616.314-74(075.8)
НАУЧНО-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" (2016; Штип)
Зборник на трудови од научно-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", Штип 28.05.2016 [Електронски извор] [уредници Никола Димитров, Дејан Методијевски]. - Текст во PDF формат, содржи 215 стр., илустр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, 2016
Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден
18.07.2016 ISBN 978-608-244-313-3 1. Гл. ств.
насл.
а) Туризам - Економски прилики - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 101453578

## СОДРЖИНА

УЧЕСНИЦИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА .................................................. 6

ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ ..................................................... 15

ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ............................................ 17

СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров ........................................................... 18**

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ И НИВНИОТ ПРИДОНЕС ВО НАУКАТА

**Дејан Методијески, Душица Санева .................................... 26**

ОСНОВНИ ПОСТАВКИ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА

**Мичо Апостолов, Лилјана Здравковска, Наташа Апостолова.................................................................... 36**

ЛОГИСТИЧКИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

**Христина Филипоска, Оливер Филипоски ........................... 48**

ПРИМЕНА НА TQM (TOTAL QUALITY MANAGEMENT) СИСТЕМ ВО КОМПАНИИ

**Александра Ташевска .......................................................... 57**

ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ

**Моника Станковска ............................................................. 64**

СОСТОЈБИ И МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова, Магдалена Мицева ............... 74**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ТУРИЗАМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, БОГДАНЦИ И ДОЈРАН

**Марија Магдинчева Шопова,Симона Савиќ,Убавка Вегова..86**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова,Љупка Атанасова,Вера Митровска ........................................................................................... 95**

ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ...................................................105

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОВИТЕ ШТИП И КОЧАНИ И НИВНАТА ОКОЛИНА

**Златко Јаковлев, Цане Котески, Дарко Шпиртов ........... 106**

МОЖНОСТИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА

ВО ПООДДЕЛНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Андреа Златковска, Јулијана Саздова ............................ 112**

ТУРИСТИЧКИ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

**Цане Котески, Златко Јаковлев, Драгана Солтировска .. 125**

ПРОЦЕСНИ ИНОВАЦИИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО

**Николчо Петров, Тања Ангелкова Петкова ..................... 138**

НАТУРИЗМОТ КАКО ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ

**Златко Јаковлев,Благица Арнаудова,Цане Котески.......144**

МЕНАЏМЕНТ НА УСЛУЖНА ДЕЈНОСТ

**Златко Јаковлев,Цане Котески,Душица Матета Гигова..151**

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА ДЕЛ ОД ПУБЛИКУВАНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ ВО ПЕРИОДОТ 1954–1979 ГОДИНА И

НИВНАТА УЛОГА ВО ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров, Методи Чилиманов ........................ 160**

КРАТОК ОПИС НА ОСОГОВСКИОТ РЕГИОН

**Нако Ташков, Илија Милосовски .................................... 181**

ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МАНАСТИРСКИТЕ КОМПЛЕКСИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Љупчо Јаневски, Науме Мариноски ................................ 185**

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Нако Ташков, Ивана Ананијева, Симона Атанасова .......203**

# ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ

Зборникот „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" содржи трудови кои се презентирани на истоимената научно-стручна конференција, одржана на 28-ми мај 2016 година во Штип, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Мотивите за одржувањето на конференцијата се повеќе. Конференцијата им даде можност на младите автори и студенти на втор и трет циклус на студии да ги презентираат и доближат до пошироката научна и стручна јавност своите теоретски и практични истражувања од областа на туризмот, економијата и логистиката. Во најголем дел, нивните трудови се изработени под менторство на професорите кои се истакнати научни работници и потврдени практичари. Од друга страна, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, изискува објавување на еден труд кој е резултат на истражувањето што е предмет на магистерскиот труд. Важен мотив за одржувањето на конференцијата е социјалниот дел, во кој учесниците имаа можност да се запознаат, разменат мислења, дискутираат и остварат вмрежување. Преку конференцијата, промовиран е градот Штип како туристичка дестинација, а од друга страна, позитивно влијае на имиџот на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

На конференцијата беа покренати бројни прашања, изнесени одделни размислувања и дилеми што со својата актуелност го зафатија научно-стручното поле на расправата, што резултираше со овој зборник. За понатамошна соработка и доближување до читателите, на почетокот на зборникот се претставени авторите со фотографија и кратка биографија, а покрај насловите на трудовите наведени се и нивните електронски адреси.

Од содржинска гледна точка, зборникот дава свој придонес во зголемување и збогатување на постоечката литература од областа на туризмот, економијата и логистиката. Тој е важен за заедницата на образовниот, јавниот и невладиниот сектор, како и стопанските организации кои се занимаваат со оваа проблематика. Тематски е поделен на два дела: Теми од економија и бизнис логистика, каде има девет труда и Теми од туризам и угостителство, каде се претставени

десет труда. Зборникот содржи над 200 страници текст од триесет и тројца автори, во кои за подобра презентација се користат графикони, табели и фотографии.

Како уредници на зборникот, ја користиме оваа прилика да искажеме благодарност до сите учесници на конференцијата, како и до колегите кои дадоа свој придонес во организацискиот и програмскиот дел на конференцијата.

Низ презентираните текстови и материјали, во зборникот се открива големото значење и современите тенденции на туризмот, економијата и логистиката во нашата земја. Исто така, реакциите од страна на учесниците беа позитивни во однос на успешната организација на конференцијата. Поради овие причини, се надеваме дека во иднина оваа конференција ќе добие меѓународен карактер и ќе доживее голема традиција.

**Никола В. Димитров**

**Дејан Методијески**

# ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

УДК 338.48-6:379.845 (497.733)

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Нако Ташков, Ивана Ананијева, Симона Атанасова**

nako.taskov@ugd.edu.mk
ananijeva.ivana@yahoo.com
simona.atanasova93@yahoo.com

**Клучни зборови:**
рурален туризам, истражување, Зрновци, Гастрономија.

**Апстракт**

Руралниот туризам е, за жал, вид на туризам на кој во Република Македонија не му е посветено доволно внимание. Иако не се доволно истражени, сепак, Македонија поседува многу големи потенцијали за развој на овој вид туризам. Затоа, во овој труд решивме да ги претставиме потенцијалните можности за развој на туризамот во општина Зрновци, под која припаѓаат 3 рурални средини, и тоа: село Зрновци, село Видовиште и село Муродвис.

## Вовед

Руралниот Туризам е туризмот што се случува на рурално подрачје. Како алтернативен вид туризам, тој е во состојба во поголем степен да ги задоволи потребите на современиот човек, кои урбаната средина не е во можност да ги задоволи. Во суштина, овој вид туризам означува бегство од секојдневието, од стресот во големиот град, барање на поголема блискост со природата, престој во една поедноставна социјална средина, максимално спротивставена на вообичаената за големиот град. Селскиот туризам, еко-туризмот, винскиот туризам, гастрономијата како туристички производ, ловниот туризам, риболовниот туризам, туризам на фарма, туризам на земјоделска фарма, културен туризам и религиозен туризам, укажуваат на една заедничка компонета, а тоа е одвивање на активностите во рурална околина. Република Македонија располага со богат фонд автентични, културни, природни и

традиционални ресурси и производи кои согласно глобалниот тренд во последните децении во руралниот туризам нудат сериозни можности за развој на оваа гранка. Владата на Република Македонија превзема соодветни мерки за развој на руралниот туризам и во посебениот дел од  нејзината програма ги претставува насоките и планираните активности кои директно и индиректно се однесуваат на развојот на руралниот туризам и поттикнување на нови инвестиции. Сите овие активности кои се превземаат од страна на државата овозможуваат збогатување на туристичката понуда. Република Македонија изобилува со места кои имаат потенцијали за развој на руралниот туризам, но кои, за жал, сѐ уште не се доволно истражени, афирмирани и промовирани.

Во места кои поседуваат потенцијали за развој на руралниот туризам може да се издвои и општина Зрновци која со својата местоположба, природни и антропогени вредности поседува потенцијал за развој на овој вид туризам.

**Туристичко – географска положба**

На надморска висина од само 360 м  на територијата на Источна Македонија, во подножјето на планината Плачковица, на границата со Кочанската Котлина, се наоѓа општина Зрновци. Во општина Зрновци има три населени места: Зрновци, Видовиште и Мородвис, и сите три се рурални средини. Вкупната површина на општина Зрновци изнесува 52 $km^2$. Општина Зрновци на исток се граничи со општина Виница, на запад со општина ЧешиновоОблешево, на југ со општина Карбинци и на север со општина Кочани. На територијата на општината живеат вкупно 3.264 жители. Поголем дел од населението се Македонци, а од останатите има Власи, Турци, Срби и др.




**Слика 1.** Општина Зрновци

**Сообраќајна поврзаност**

Општина Зрновци се наоѓа во источниот дел на Македонија, на трансверзалата која ги поврзува Скопје - Велес - Штип - Кочани - Делчево со Р. Бугарија. Зрновци се наојѓа на само:

- 8 км оддалеченост од најблиската железничка пруга во Кочани;
- 134 км оддалеченост од главниот град Скопје;
- 118 км оддалеченост од аеродромот Петровец кај Скопје;
- 60 км оддалеченост од граничниот премин кон Бугарија кај Делчево;
- 184 км оддалеченост од граничниот премин кон Грција кај Богородица.

До останатите две населени места кои се во склопот на општината или на само 2 км од Зрновци се наоѓа селото Мородвис до кое води асвалтиран пат, а на 4 км од Зрновци се наоѓа селото Видовиште. До општината и околните села може да се дојде со јавен автобуски превоз. Има повеќе автобуски линии, а секако, има и приватни такси превозници. Од општината Зрновци, на само 5 часови пешачење по добро уредена пешачка патека, се наоѓа познатото излетничко место Туртел или познат како Антената.

## Настанување и историскиот развиток на Зрновци

За постанокот на Зрновци нема конкретни изворни податоци кога е основано како населба. Меѓутоа, едно е сигурно. Плодната и обработлива земја и поволните климатски услови го привлекле вниманието за населување уште од најстари времиња пред нашата ера. За самиот назив Зрновци постои предание меѓу народот дека настанал од „зрно и овци", што говори дека овој крај изобилувал со зрнести култури и со мошне развиено сточарство. Меѓу најстарите жители на овие простори се смета дека било и племето Меди, кое припаѓало на народот Трачани. Во II век пред нашата ера од 148 година, Кочанско-Виничкиот регион потпаѓа под власт на Римјаните. Нивното владеење има позитивно влијание и е од мошне големо значење, бидејќи ја култивираат оваа географска средина и го интензивираат земјоделското производство. Со доаѓањето на словените од VI-VIII век, создаваната цивилизација со векови на ова тло, започнува да исчезнува. По смртта на деспотот Јован Оливер во 1355 година, со Зрновци и Кочанско-Виничкиот регион владееле браќата Константин и Јован Драгаш, а црковно потпаѓале под Мороздвиската, а потоа Злетовската епископија. Кон крајот на XIV век, поточно 1395 година, со доаѓањето на Турците, овој крај потпаѓа под турска власт. Поради теророт на Турците над незаштитеното македонско население, дел од него мигрира од овој крај, а дел оди во ајдути, така што од Зрновци и другите селски населби во Кочанската Котлина сè повеќе се зголемува бројот на турското население. Но, со ослободувањето на Македонија од турското ропство, Турците се повлекле назад кон нивните територии. Со осамостојувањето на Република Македонија и прогласување на самостојна држава, општина Зрновци е прогласена како посебна единица на локална самоуправа во 1996 год.



**Слика 2.** Зрновци во минатото

## Природи туристички вредности Релјефни карактеристики

Релјефот во  Зрновци е претежно ридско-планински, бидејќи општината се простира на падините на Плачковица. Од вкупната површина на Зрновци 57 % се шуми, а 32 % претставува обработливо земјиште. Најголемиот дел од обработливото земјиште претставуваат површини под житарици и градинарски култури.

## Климатски карактеристики

Општина Зрновци благодарение на својата добра местоположба е заградена со дел од Кочанската Котлина и е заштитено од силни северни ветрови со Осоговските Планини и од силни воздушни продори од југ со планината Плачковица. На овие простори преовладува умерено-континентална клима која се карактеризира со просечна годишна температура на воздухот од 13°C. Близината на планината Плачковица овозможува релативната влажност на воздухот да изнесува до 71 %, додека просечната годишна количина на врнежи е 547.9 милиметри.

## Растителен и животински свет

Општина Зрновци е главно земјоделска општина и е една од помалку еколошки загадените општини во Македонија. Планината Плачковица изобилува со богат растителен и животински свет. Главно се застапени дабовите и буковите шуми, а поретко се среќава и борова и багремова шума, а  се среќаваат и шумски растенија од кои се користи плодот или цветот, како: оревот, дренот, лешникот и липата.  Постојат и разновидни шумски плодови  кои ги собираат жителите и од кои подготвуваат домашни слатка, ракии или други специјалитети. Од лековитите билки најчесто се среќаваат црвениот глог, мајчината душица, ригинот, ајдучката трева, јагликата и здравецот. Од шумските плодови најзастапени се лешникот, дренката, капината, трнинката, оревот и смреката. Во шумите на „Плачковица" се среќаваат зајакот, дивата свиња, јазовецот, лисицата, волкот, срната, куната и верверичката. Значајно е да се спомене и постоењето на ендемската речна пастрмка и речниот рак кои ги има во горниот тек на реката Зрновка. Интересен е податокот дека реткиот балкански рис за последен пат во Источна Македонија е евидентиран токму на планината Плачковица.

**Хидрографија**

Низ Зрновци минува Зрновска Река која е со извонредно квалитетна и чиста вода и е богата со флора и фауна. Таа претставува една од побогатите со вода притоки на Брегалница. Реката извира под врвот Козобран, во месноста Бачалија (на Плачковица) на надморска височина од 1.420 м. Сливното подрачје на Зрновска Река изнесува 70 км², а должината 24 км. Располага со 14 мг O2/л и е од рангот на реката „Радика". Благодарение на потенцијалот на река Зрновка, во близина на селото е изградена и една од првите хидроцентрали во Македонија (1950 година), ХЕЦ Зрновци. Течението на реката води низ живописниот кањон, кањонот „Улумија" на реката „Зрновка". Кањонот започува под врвот „Лисец", а завршува во близината на Зрновци и потребни се околу 6 часа за целосно да се премине. По кањонот ќе наидете на водопади, вирови и базени, а дополнително може да се посетат и 4 природни пештери. Пештерата „Голема" се вбројува меѓу потешките пештери во Македонија и бара познавање од спелеологија и добра физичка подготвеност, додека останатите пештери стојат на располагање за сите посетители. Реката „Зрновка" е и извор на чиста вода за наводнување на познатите оризови полиња, а во денешно време и за останатите земјоделски производи. Во другите две населени места исто така поминува река и тоа во Мородвис минува Морошка Река, а во село Видовиште минува Видовишка Река. Водите од овие две реки исто така се користат за наводнување на земјоделските површини во тие простори.



**Слики 3 и 4.** Зрновска Река

## Антропогени туристички вредности Цркви, манастири и други споменици Туристичка валоризација на културно-историски споменици и знаменитости во општина Зрновци

**Табела 1.** Редоследен приказ на најважните културно-историски споменици во општина Зрновци

| Реден број | Атрактивност | Туристичка положба | Туристичка опрема | Инфраструктура | Сообраќајна поврзаност | Пристапност | Специфичност | Содржајност | Значење | Сезоналност | Вкупно: Општа туристичка вредност | Локација Координати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | X | Y |
| 1. | Манастир „Св.Недела" - Зрновци | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2,7 | 22.189 | 41.736 |
| 2. | Црква „Св. Великомаченик Димитрија" – Зрновци | 5 | 3 | 4 | 5 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2,8 | 22.504 | 41.884 |
| 3. | Манастир „Св. Симеон Столбник" – Мородвис | 3 | 3 | 4 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | 2,6 | 22.188 | 41.736 |
| 4. | Црква „Св. Троица" – Мородвис | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2,6 | 22.228 | 42.013 |
| 5. | Локалитет „Црквиште – Моробиздон" – Мородвис | 4 | 3 | 3 | 4 | 3 | 5 | 4 | 5 | 3 | 3,0 | 22.767 | 41.976 |
| 6. | Локалитет „Градиште" – Мородвис | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2,4 | 22.198 | 41.738 |
| 7. | Манастир „Св. Спас" - Видовиште | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2,4 | 22.411 | 41.923 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Манастир „Св. Петка" – Видовиште | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2,4 | 22.773 | 41.966 |
| 9. | Црква „Св. Климент Охридски" - Видовиште | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2,4 | 22.186 | 41.737 |
| 10. | Локалитет „Могила" - Видовиште | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2,3 | 22.290 | 41.798 |

**Табела 2.** Приказ на десет параметри на Зрновци со нивна вредност

| **ПАРАМЕТАР** | | **БРОЈНА ВРЕДНОСТ** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **1** | **2** | **3** |
| 1 | Туристичка положба | лоша | средна | добра |
| 2 | Туристичка опременост | слаба | средна | добра |
| 3 | Инфраструктурна опременост | слаба | средна | добра |
| 4 | Сообраќајна поврзаност | лоша | средна | добра |
| 5 | Пристапност | лоша | средна | добра |
| 6 | Специфичност | мала | средна | голема |
| 7 | Содржајност | слаба | средна | добра |
| 8 | Значење | локално | регионално | национално |
| 9 | Сезоналност | една сезона | две сезони | цела година |

**Манифестациски туристички вредности**

**Календар** на настани и манифестации во општина Зрновци:

- **Коледарски оган** – 5-ти јануари (се организира во центарот на Зрновци);
- **Василичарски оган** – 13-ти јануари (се организира во „Горно маало" кај „Чешмата" во Зрновци);
- **„Водици" –** 19-ти јануари (се организира на река „Зрновка" во Зрновци);
- **„Рамо"** на манастирот „Св. Недела" во Зрновци – првата недела после „Велигден";
- **„Ѓурговден"** – 6-ти мај (слава на с. Видовиште, се пречекуваат гости и има мал панаѓур);
- **„Св. Троица" –** 8-ми јуни (слава на с. Мородвис, се пречекуваат гости и има мал панаѓур);
- **Патронен празник** на ОУ „Синиша Стоилов" Зрновци – 9-ти јуни (се организираат спортски натпревари и приредба во Домот на културтата во Зрновци);
- „Св. Спас" **рамо на манастирот** во с. Видовиште (долниот манастир) – месец јуни (датумот се менува);
- **Слава во с. Зрновци** – 2-ри август (се пречекуваат гости и има панаѓур);
- „Св. Петка" **рамо на манастирот** во с. Видовиште (горниот) – 8ми август;
- **Ден на општина Зрновци** и **рамо на црквата** „Св. Димитрија" во Зрновци – 8-ми ноември (се организира пригодна музичка програма, изложба и дегустација на традиционални специјалитети, изложби и слично и се одржува на плоштадот во с.Зрновци).

## Етнографски туристички вредности

Во етнографските туристички вредности на Зрновци можат да се споменат и лесните женски занаети во Зрновци, а тоа се плетењето, везењето и ткаењето. Интересно за туристите е претставување на алатките кои се користат при овие занаети, како и претставување на зачувани народни носии со специфични детали како плетени чорапи, калци, разни милиња, чаршафи, ткаени крпи и слично.

## Гастрономија

Гастрономијата на Зрновскиот крај става посебен акцент на свежите овошни и зеленчукови плодови, како што се розовиот домат, лутиот пипер и празот, дренки и други овошја. Секоја етапа од

туристичката сезона си има свое издвоено овошје. На пример, за раната пролет овде е издвоена јагодата.

Традиционални зрновски специјалитети се: баница, зелник, качамак, тавче-гравче или гравче во грне, пиперник (со домати, пипер и месо), празарник, прженици, тава ориз и сите уникатни јадења од ориз: сутлијаш, лапа, сарма (со лист од лоза). Скапи и атрактивни се јадењата од дивеч, како и риба од Зрновска Река.

Се приготвуваат и сите видови конзервирана храна, како ајвар, лутеница, пинџури, како и слатко, мармалади и овошни сокови од сите видови овошја.






**Слики 5, 6, 7 и 8.** Гастрономија

**Сместувачки капацитети во општина Зрновци**

**Мотел „Зрновка"** е приватен мотел кој располага со вкупно 6 соби и 12 кревети. Истиот неодамна е реновиран и нуди одлични услови за престој. Се наоѓа во центарот на селото и е со добро реноме.

**Bed & Breakfast.** Ова село има околу десетина куќи кои имаат добри услови за давање на Bed & Breakfast услуги на туристите.

**„Центробизнис" и „Слив"** се два хотели кои се наоѓаат на 15тина километри од Зрновци и се погодни за поголеми групи туристи.

**Месност „Брана“.** Оваа месност се наоѓа по течението на реката Зрновка на 8 километри од селото, каде што постојат 10-тина приватни куќи кои можат да се земат под наем.

## Угостителски капацитети во општина Зрновци

Во селото има два локала и еден ресторан каде можат да се уживаат националните и традиционални јадења. Како куриозитет во селото е постоењето на фармата за ноеви и можноста да се проба месо од ној во ресторанот „Зрновка“ по цена од 800 денари/килограм приготвено. Инаку, надалеку е позната скарата во ресторанот „Аминта“ и пријатната месандра во кафе-барот „Рио“.

Во селото постојат уште три помали локали каде може да се седне под сенка, да се угаси жедта и да се јаде некој сендвич.

Селото Зрновци, благодарение на долгата традиција и постоењето на сега бившата земјоделска задруга „Зрновка“, отсекогаш имало урбан начин на живот. Стоковната куќа, паркот во центарот на селото, зимниот ресторан, летната бавча со жива музика преку лето, големиот број продавници и самопослуги даваат белег на убав и комотен живот на селаните.

Во моментот во селото постојат два кафе-бара со летни тераси покрај реката, пријатна музика и можност за закуска. Ресторанот „Зрновка“ со капацитет од 300 лица нуди пријатни мигови и услови за забава, а преку лето работи и летната бавча со капацитет од 400 лица.

На само 8 километри од Зрновци е градот Кочани до кој може да се прошета и да се посетат тамошните кафе-барви и ресторани.

За помала група туристи може да се обезбеди и Интернет пристап на компјутерите кои се наоѓаат во општинската зграда.

## Заклучок

Од спроведеното истражување на туристичките потенцијали на општина Зрновци можеме да заклучиме дека овој регион поседува многу голем број ресурси кои значително придонесуваат за развој на руралниот туризам.

Оваа општина опфаќа три села (Зрновци, Мородвис, Видовиште). Секое од нив има богата и интересна историја.

Поволната географска положба, добрите релјефни и климатски карактеристики, богатиот растителен и животински свет, пештерите како и Зрновска Река се природните вредности на оваа општина кои се мошне важни за развој на туризмот.

Од антропогените туристички вредности кои ги привлекуваат туристите да ги посетат овие краеви се вбројуваат големиот број културно-историски споменици, разновидните манифестации кои се одржуваат, значителните етнографси вредности, како и вкусната зрновска кујна.

Оваа општина на туристите им нуди услови за престој во расположливите сместувачки капацитети, како и забава и уживање во вкусната зрновска храна во некој од угостителските објекти.

Од тоа може да се заклучи дека општина Зрновци е една од многуте вакви средини во Република Македонија која поседува многу големи потенцијали за развој на руралниот туризам. Ова е простор на кој вреди и треба да се инвестира за да се привлечат голем број туристи и со тоа да се даде значење на овој вид туризам во нашата земја.



**Слика 9.** Панорама на општина Зрновци

**Користена литература:**

Методијески, Д. (2012), Туризмот во руралните средини, Современост, Скопје;

Општина Зрновци. Туризам. Преземено на 10 Мај 2016 http://zrnovci.gov.mk/ ;

Студија за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион, Декември 2014 година.